**Отворен е повикот за доставување предлог-проекти за Медиумска писменост – NEWS – Media Literacy (CREA-CROSS-2025-MEDIALITERACY) за 2025 година**

Отворен е повикот за доставување предлог-проекти за Медиумска писменост – NEWS – Media Literacy (CREA-CROSS-2025-MEDIALITERACY) за 2025 година со краен рок за поднесување на предлог-проектите до 6 март 2025 година, до 17:00 часот (по средноевропско време).

Во дигиталниот медиумски пејзаж кој брзо се развива, Европската комисија продолжува да инвестира во креирање иновативни решенија за подобрување на вештините за медиумската писменост на сите европски граѓани, поддршка на ефективна прекугранична соработка и ограничување на штетното влијание на дезинформациите.

Тековниот повик е објавен во рамките на Меѓусекторската потпрограма на Креативна Европа. Буџетот наменет за овој повик за 2025 година изнесува 2 570 000 евра. Европската Унија финансира 70 % од вкупниот буџет на проектот, односно грантот не може да биде поголем од 500 000 евра за еден проект. Според тоа, апликантите треба да ги кофинансираат своите проекти и од други извори.

**Цели**

Целта на повикот е да се поддржат проекти кои промовираат медиумска писменост со цел граѓаните да развијат критичко разбирање за медиумите, особено во дигиталната средина. Акцентот е ставен на поттикнување на иновативни иницијативи и заедници кои се приспособуваат на промените во медиумската средина.

**Во рамките на овој повик ќе се финансираат следниве активности:**

- креирање и дистрибуција на мултикултурна и повеќејазична содржина која ги подобрува дигиталните вештини на граѓаните и отпорноста на дезинформации;
- развој на иновативни решенија за медиумска писменост приспособени на идното медиумско опкружување;
- обуки и работилници за граѓани и едукатори, вклучително и споделување на најдобрите практики помеѓу различни региони во Европа;
- организирање јавни настани и работилници за подигнување на свеста за медиумската писменост.

**Приоритети**

- Споделување на најдобрите практики во областа на медиумската писменост преку проекти што ги преминуваат културните, јазичните и националните граници.
- Развој на интерактивни онлајн алатки за борба против дезинформациите.
- Создавање едукативни материјали и алатки за граѓаните со цел развивање критички пристап кон медиумите.

- Развој на практики за медиумска писменост приспособени на новите предизвици, вклучително и манипулативни техники и AI-производство на медиуми.

**Квалификувани апликанти**

Квалификувани апликанти за овој повик се конзорциуми составени од најмалку 3 правни субјекти од минимум 3 различни земји кои учествуваат во програмата „Креативна Европа". Конзорциумите може да вклучуваат:

– профитни и непрофитни организации (приватни или јавни);

– јавни власти (национални, регионални, локални);

– меѓународни организации;

– универзитети и образовни институции;

– медиумски организации;

– истражувачки и технолошки институции;

– сервиси за технолошки услуги.

**Очекувани резултати**

Формирање на паневропски конзорциуми кои ќе ги развиваат најдобрите практики преку националните, културните и јазичните граници и ќе поттикнуваат активности за медиумска писменост за да се обезбеди трансфер на таквите практики до најшироката публика, покривајќи различни видови медиуми.

Организирање форуми за размена на најдобри практики кои се ангажирани околу одредени возрасни групи, групи со ограничени вештини или пристап за медиумска писменост, или оние што се изложени на ризик од социјално исклучување.

Поддршка на професионалците за медиумска писменост во насока на приспособување на своите практики кон медиумските формати кои брзо се развиваат, како и со промените на моделите со кои се соочува медиумската потрошувачка.

Проектите треба да обезбедат активно вклучување на граѓаните и поттикнување на партиципативна култура. Се препорачува и соработка со Европската опсерваторија за дигитални медиуми (EDMO) за да се избегне преклопување на иницијативите и да се промовира размената на добри практики.

**Времетраење на проектите:** до 24 месеци.

**Начин на подготовка и поднесување на предлог-проектите/апликацијата**

Предлог-проектите се подготвуваат во согласност со критериумите и условите наведени во документот за повикот: NEWS – Media Literacy (CREA-CROSS-2025-MEDIALITERACY), Version 1.0, 22 October.

**Линкови до повикот и до документот на повикот:**

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/CREA-CROSS-2025-MEDIALITERACY?order=DESC&pageNumber=1&pageSize=50&sortBy=relevance&keywords=medialiteracy&isExactMatch=true&status=31094501,31094502

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2025/call-fiche_crea-cross-2025-medialiteracy_en.pdf

Апликациите се обработуваат и се поднесуваат електронски преку **Funding &Tenders Opportunity Portal (F&TP)**.

Информации за пристапување до **F&TP** може да најдете на: https://www.eacea.ec.europa.eu/grants/how-get-grant_en

**Повеќе информации за повикот може да добиете на онлајн сесија во организација на Европската комисија што ќе се одржи на 14 ноември 2024 година од 10:30 до 14:00 часот.**

За учество на онлајн сесијата може да се пријавите на следниов линк: Creative Europe-MEDIA and Cross sectoral 2025